**20252374609**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 83-а став (5) од Законот за странци (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 294/21, 284/23 и 193/25), министерот за економија и труд донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ДЕКА ПРАВЕН СУБЈЕКТ Е СО СТАТУС НА СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата дека правен субјект е со статус на стратешки партнер (во натамошниот текст: потврдата), каде странецот работи на стратешки проекти утврдени со посебен закон.

Член 2

(1) Потврдата се издава на Образец со А4 формат, кој се печати на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на потврдата од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-5706/1
21 ноември 2025 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Прилог

Архивски бр.____________
Датум ___________________

Согласно член 83-а став (4) од Законот за странци (*), Министерството за економија и труд по барање на ______________________________________________________________________________ ја издава следната

П О Т В Р Д А
за статус на стратешки партнер

Се потврдува дека правниот субјект _______________________________________________
со седиште во ______________________________________________________МБС ______________
и ЕДБС ________________________ е со статус на стратешки партнер согласно со
________________________________________________________________________________________________
___________________
____________________________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________________________

Оваа потврда се издава за да се користи во постапка за добивање на одобрение за привремен престој на странец, заради вработување и е валидна до __________________

МИНИСТЕР,